**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 10-563/6**

**Скопје, 07.09.2005 година**

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**СУДСКА ВЛАСТ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Судски буџетски совет- Судска власт (во понатамошниот текст Судска власт), за 2004 година, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија за финансиските извештаи на Судската власт за годините кои и претходат на годината предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   -Проф.д-р Симеон Гелевски-Претседател на Судски буџетски совет од 16.12.2003 година до 13.07.2004 година,
   -Дане Илиев- Претседател на Судски буџетски совет од 14.07.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 06.06 до 07.06, од 28.06. до 15.07, и од 08.08 до 10.08.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Наташа Мисовска, самостоен ревизор,
   - Љубица Локвенец, ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,

-дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 06.09.2005 година добиени се Забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2004 година на Судски буџетски совет- Судска власт бр.674-1/05 од 02.09.2005 година. Забелешките на констатациите изнесени во точката 10.2.1. на Претходниот извештај не се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***11.1. Неправилна примена на акти:***

11.1.1 Не се утврдени критериуми за делот на средствата „Судска власт" во Буџетот на РМ со кои се утврдува вкупниот износ на буџетот. Согласно член од 9 од Законот за судски буџет, делот на средствата „Судска власт" во Буџетот на РМ треба да се утврдува во вкупен износ во согласност со критериуми утврдени од Судски буџетски совет врз основа на фискалната политика и главните параметри за процена на приходите и трошоците. Разделот Судска власт од Буџетот на РМ се востановува и започнува да функционира во 2004 година што е и една од причините за неутврдените критериуми со кои се утврдува вкупниот износ на буџетот.

11.1.2 Не е донесен акт со кој се утврдуваат критериуми за распределбата на средствата од разделот „Судска власт" во Буџетот на РМ по единики корисници-судови. Распределбата е извршена согласно барањата од единките корисници со предлог пресметките и анализа на реализираните средства во претходната година. Ефектот од претходно наведеното е фактот што во текот на годината од единките корисници се побарани поголем број на пренамени на средства.

11.1.3 Годишниот извештај за извршување на судскиот буџет не е доставен до Министерството за финансии, Владата на РМ и Собранието на РМ спротивно на член 18 од Законот за судски буџет. Истиот е разгледан на дневен ред на 14 седница на Судскиот буџетски совет одржана на 01.02.2005 година на која присуствува и претставник на Министерството за финансии.

11.1.4 За донесените промени на распоредот на средствата во текот на годината не е донесен пречистен текст на финансовиот план.

**Препорака:**

1. Судскиот буџетски совет да утврди критериуми врз основа на фискалната политика и главните параметри за процена на приходите и трошоците согласно член 9 од Законот за судски буџет.
2. Судскиот буџетски совет да донесе акт во кој ќе се утврдат критериуми за распределбата на средствата од разделот „Судска власт" во Буџетот на РМ по единики корисници-судови.
3. Годишниот извештај за извршување на судскиот буџет да се доставува до Министерството за финансии, Владата на РМ и Собранието на РМ согласно член 18 од Законот за судски буџет.
4. Да се изготвува пречистен текст на финансовиот план согласно донесените измени со ребаланс на буџетот и одобрените пренамени од Министерството за финансии и Собранието на Република Македонија.

11.1.5 За утврдените средства согласно Годишната програма за инвестирање во судовите донесена од Судскиот буџетски совет, предвидени се одредени процедури кои крајните корисници на средствата - судовите треба да ги превземат и за истите се задолжени со поединечни решенија за обезбедување на финансиски средства донесени од страна на Претседателот на Судскиот буџетски совет. При ревизијата утврдени се неправилности од аспект на незапазување на пропишаните процедури од страна на судовите, и тоа:

▪ Исплатени се средства согласно годишната програма за Основниот суд Куманово во вкупен износ од 1.400 илјади денари за изработка и монтажа на цевна водоводна инсталација на целиот објект согласно фактура доставена од страна на судот без приложена и потврдена спецификација за извршените работи од соодветен надзорен орган. Од документацијата доставена од Основниот суд Куманово неможе да се потврди дека работите се завршени.

▪ Исплатени се средства во износ од 155 илјади денари за Основен суд Скопје 1 за набавка и монтажа на клима уреди за потребите на судот, без да се достави Решение за извршен избор на најповолен понудувач во износ од 155 илјади денари.

**Препорака:**

1. При доделување на средства да се запазуваат пропишаните процедури односно да се обезбедува соодветна документација како доказ за извршување на работите.
2. Да се обезбеди поголема контрола за одобрените средства согласно Годишната програма за инвестирање во судовите донесена од Судскиот буџетски совет.
3. За горенаведените проекти да се преиспита документацијата и реализацијата на истите и да се утврдат одговорностите на надлежните лица во судовите за констатираните неправилности.

### *11.2. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

11.2.1. При извршување на Судскиот буџет ставката Изградба, реновирање и унапредување е остварена и извршена над износот планиран и утврден со Буџетот за 2004 година за износ од 1.585 илјади денари, без да се изврши прераспределба на планираните расходи спротивно на член 33 од Законот за буџетите.

12. Според наше мислење, финасиските извештаи на Судски буџетски совет- Судска власт за 2004 година, вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финасиската активност во согласност со важечката законска регултива.

13. Според наше мислење, во Судски буџетски совет- Судска власт за 2004 година остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

14. Ревизијата смета дека е потребно да ги обелодени одредени утврдени состојби констатирани при ревизијата на финансиските извештаи и тоа:

- Секторот за судски буџет-Стручна служба не е екипиран согласно предвидените работни места во Правилникот за организација и систематизација на работни места во Врховниот суд на РМ. Од предвидените 15 работни места пополнето е само едно работно место и тоа раководител на секторот за судски буџет, додека пак, сметководствените работи ги врши сметководителот вработен во Врховниот суд од 01.10.2004 година.
  Заради обемноста на работите со кои се соочува Секторот за судски буџет-Стручна служба потребно е да се изврши екиптирање на истиот согласно предвидените работни места со Правилникот за организација и систематизација на работни места во Врховниот суд на РМ. Разделот Судска власт од Буџетот на РМ се востановува и започнува да функционира во 2004 година што е и една од причините за недоволната екипираност во 2004 година. До крајот на месец јуни 2005 година Секторот за судски буџет сеуште не е екипиран.

- Внатрешниот ревизор е назначен на 01.12.2004 година. Изготвен е План за работа на внатрешната ревизија во 2005 година во кој се ревидирани интерните контроли во организационата поставеност. Истиот е доставен до Секторот за внатрешна ревизија на Министерството за финансии.

- Ревизијата е должна да укаже дека Судскиот буџетски совет врз основа на Годишната програма за инвестирање во судовите за 2004 година, а согласно одобрените финансиски средства од Буџетот за 2004 година за раздел 29010-Судска власт, програма 12-судска администрација, врши распределба на средствата од категоријата 46-набавка на капитални средства за судовите, инвестиционо одржување и опремување на судовите. Примената на Законот за јавни набавки согласно одредбите од решенијата за обезбедување на финансиски средства за набавка на капитални средства и инвестиционо одржување на објектите и опремата на судовите, е обврска на барателите-крајните корисници (судовите). Право на Стручната служба на Судски буџетски совет е да биде информиран за изборот на најповолниот понудувач.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 07.09.2005 година** **Владимир Милојевиќ**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 61,199 | - |
| **Вкупно приходи** | **61,199** | - |
| | | - |
| **Расходи** | | - |
| **Тековни расходи** | | - |
| Стоки и други услуги | 10,766 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | **10,766** | - |
| | | - |
| **Капитални расходи** | | - |
| Купување на капитални средства | 50,433 | - |
| **Вкупно капитални расходи** | **50,433** | - |
| | | - |
| **Вкупно расходи** | **61,199** | - |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства во подготовка | 33,491 | - |
| **Вкупно постојани средства** | **33,491** | - |
| **Вкупна актива** | **33,491** | - |
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 33,491 | - |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **33,491** | - |
| **Вкупна пасива** | **33,491** | - |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

000 ден.

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **-** | **-** | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **50,911** | **-** | **50,911** |
| Набавки | 17,420 | - | **17,420** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | 33,491 | | **33,491** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **(17,420)** | **-** | **(17,420)** |
| Преотстапување на капитални средства на судовите | (17,420) | - | **(17,420)** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **33,491** | **-** | **33,491** |